Врз основа на член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и (,,Службен весник на РСМ" бр.275/2019,14/2020, 215/2021,99/2022, 208/2024 и 210/2024), Секретарот на Општина Прилеп донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас

1.По јавниот оглас оглас бр.180/2025 објавен на 23.04.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Коха, за вработување на административен службеник во Општина Прилеп се избира :

- **Кандидатот со идентификациски код D4F8F17, Билјана Момироска** за работно место бр.1 од јавниот оглас, УПР 01 01 Г01 000, самостоен референт – Даночен извршител, Одделение за администрирање со приходи, Сектор за финансиски прашања - Општина Прилеп.

2.Именуваната ќе биде вработена на работното место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 23.04.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.180/2025 за вработување на административен службеник во Општина Прилеп.

Со Решение бр.10-822/3 од 24.04.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенција за администрација на РСМ. Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник и изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-822/4 од 08.05.2025 година за јавен оглас број 180/2025 година Општина Прилеп.

На ден 28.05.2025 година спроведен е испит за административен службеник и изготвен е Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-822/6 од 28.05.2025 година. Воедно е изготвено и Решение за измена и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со арх. бр. 10-822/5 од 23.05.2025 година по јавен оглас бр. 180/2025 и согласно измената во Решението е потпишан и записникот од спроведениот испит од страна на изменетите членови на Комисијата.

На ден 29.05.2025 година спроведена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник и изготвен е Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-822/7 од 29.05.2025 година.

Од доставениот предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 180/2025 бр.-10-822/8 од 30.05.2025 година и конечната ранг листа, а примен и заверен во Општина Прилеп со арх. бр. 04-1270/9 од 03.06.2025 година, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-1270/10
04.06 2025 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Марјан Матракоски

Доставено до:
- Избраниот кандидат
-Агенција за администрација (2)
-Архива и Одделение за човечки ресурси

Изработил/ Проверил: Александра Кокароска